# FIX 51

**ПИШТОЛ ЗА ВРЕЛО ЛЕПЕЊЕ**

Пиштол за врело лепење со 6 стапчиња за лепење со дијаметар од 11 мм,за декорирање, моделирање и поправки во домаќинството. За лепење на дрво, хартија, картон, ткаенини, метал, пластика и други материјали.




## СВОЈСТВА

- За стапчиња за лепење со дијаметар од 11 mm.
- Млазница со топлинска изолација.
- Вграден вентил кој спречува неконтролирано капење на лепак.
- Вграден држач.
- Ергономско ракување.
- Брзо стврднување на FIX стапчињата за лепење.
- Проsирна, еластична и цврста спојка.

## ТЕСТИРАЊА И СЕРТИФИКАТИ

- Сертификат за сообразност EMC: Директива за електромагнетна компатибилност
- Сертификат за сообразност LVD: Директива за низок напон

## НАМЕНА

- За лепење на дрво, хартија, картон, ткаенини, метал, пластика и други материјали.
- Не е погоден за полипропилен, полиетилен, мек ПВЦ и стиропор.

## ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ

**Пиштол за врело лепење:**

| | |
|---|---|
| Мрежен напон | 220 - 240 V |
| Работна моќност | 12 W |
| Топлинска моќност | 70 W |
| Работна температура | макс. 190 ˚C |
| Време на загревање | 8 - 10 минути |
| Тежина | 202 гр |

**Стапчиња за лепење:**

| | |
|---|---|
| Хемиска основа | кополимер на етилен - винил ацетат |
| Боја на лепило/леплив филм | бело-проsирна/проsирна |
| Дијаметар на полнење: | ≈ 11,5 mm |
| Должина: | ≈ 200 mm |
| Вискозност на 180 ˚C, ASTM D-3236: | 7000 - 13000 mPas |
| Точка на омекнување, R&B: ASTM E-28: | 87 ± 5 ˚C |
| Работна температура | 180 - 200 ˚C |
| Густина | ≈ 0,98 g/cm$^3$ |

## НАЧИН НА УПОТРЕБА

- Површината мора да биде чиста и без прашина и маснотии. Со стругање на мазните површини се зголемува цврстината на спојките. Се препорачува металните површини малку да се загреат пред да се лепат. Пред лепење, препорачуваме да се направи проба врз материјалот што треба да се залепи.
- Проверете дали пиштолот е неоштетен или дали кабелот е оштетен.
- Проверете дали млазницата на пиштолот е чиста и пред употреба отстранете ги остатоците од лепило.
- Ставете го пиштолот на држач, а потоа на дрвена подлога.
- Ставете го FIX стапчето за лепење и загревајте го пиштолот 8 - 10 минути.
- Притиснете го чкрапалото, нанесете лепак само на едната страна и веднаш спојте ги површините.
- Отвореното време на лепилото зависи од видот на материјалот, температурата и количината на лепило, температурата на материјалот и работната средина. Се движи од 20 - 120 сек., така што лепилото се стврднува за помалку од 2 минути.
- **Предупредување:** Течното лепило може да достигне температура до 200 ˚C. Опасност од изгореници.

## АМБАЛАЖА

- Пиштол за врело лепење и 6 стапчиња за лепење во кутија.

## СКЛАДИРАЊЕ

Стапчиња за лепење: 36 месеци на суво место на температури до 25 °C, подалеку од извори на топлина.

## ИНФОРМАЦИИ ЗА ВЛИЈАНИЕТО НА ЛЕПИЛОТО ВРЗ ЗДРАВЈЕТО И ЗА НЕГОВО БЕЗБЕДНО КОРИСТЕЊЕ, РАКУВАЊЕ И ОТСТРАНУВАЊЕ

Дополнителни информации за безбедноста, упатства за безбедно ракување, информации за личната заштитна опрема и информации за отстранување на лепилото може да се најдат во безбедносниот лист. Безбедносниот лист е достапен на барање. Може да добиете примерок и од вашиот продажен претставник на TKK.

## ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Дадените информации се врз основа на нашите тестирања и практично искуство. Сепак, поради специфичните услови и методи на работа препорачуваме да се направи проба пред секоја употреба.

TKK d.o.o.
Srpenica 1, 5224 Srpenica, Slovenia
+386 5 38 41 300, tkk.si